Предлог

Врз основа на член 22 став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден ___.10.2026 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2026 година

1. Со оваа Програма се вршат следните измени во Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/25 и 06/26):

- Во точка 1. „АКТИВНОСТИ” во колоната „Предвидени средства” износот „590.000,00” се брише и се заменува со износот „490.000,00”.
  - Во потточката 1.1. „ Поддршка на активности на Локален младински совет на Општина Велес”, во колоната „Предвидени средства”, износот „100.000,00” се брише и се заменува со износот „0,00”.

- Во делот „ВКУПНО”, во колоната „Предвидени средства”, износот „590.000,00” се брише и се заменува со износот „490.000,00”.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Изменувањето на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2026 година се врши поради тоа што во рамките на регионалниот проект „Млади за инклузија, еднаквост и доверба”, финансиран од Фондот на Обединетите нации за градење мир, а имплементиран од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (УНЕСКО) и Агенцијата на Обединетите нации за родова еднаквост и поддршка на жените (UN Women), се обезбеди финансиска и експертска поддршка за подготовка и креирање на локална Стратегија за млади во Општина Велес, законска одредба која произлегува од Законот за социјална политика, демографија и млади.

Финансиските средства кои се намалуваат од оваа програма се прераспределуваат во рамки во Програмата за активностите Општина Велес во областа на образованието во 2026 година.

	Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2026 година	
	НАЗИВ	**Предвидени средства**
1	**АКТИВНОСТИ**	**490.000,00**
1.1.	Поддршка на активности на Локален младински совет на Општина Велес	0,00
1.2.	Поддршка на активности на Младински центар во Велес	490.000,00
ВКУПНО		**490.000,00**